# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

Службен гласник на Општина Кисела Вода
Излегува по потреба
Рок на рекламации 15 дена
www.kiselavoda.gov.mk

5 Октомври 2017
Скопје
Број 9, година XII
contact@kiselavoda.gov.mk

**Скопје, Октомври, 2017 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување Заклучок за усвојување на
Иницијатива за изработка на Детален урбанистички план J08,
Блок 11 Општина Кисела Вода

1.Се објавува Заклучокот за усвојување на Иницијативата за изработка на на Детален урбанистички план J08, Блок 11 Општина Кисела Вода, донесен на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 22 септември 2017 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-6735/1
5.10.2017 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

Советот на Општина Кисела Вода на Педесет и шестата пленарна седница одржана на 22 септември 2017 година, расправајќи по Иницијативата за изработка на Детален урбанистички план Ј08, Блок 11 Општина Кисела Вода, поднесена од Друштво за трговија, услуги и посредување Реч Интерградба и недвижности ДООЕЛ Увоз-Извоз Велес да му се овозможи изработка на ДУП Ј08, со тоа што трошоците за изработка на планската документација сами ќе ги финансира, донесе

## З А К Л У Ч О К

за усвојување на Иницијативата за изработка на
Детален урбанистички план Ј08,
Блок 11 Општина Кисела Вода

1. Се усвојува Иницијативата за изработка на Детален урбанистички план Ј08, Блок 11 Општина Кисела Вода, поднесена од Друштво за трговија, услуги и посредување Реч Интерградба и недвижности ДООЕЛ Увоз-Извоз Велес со намена: Домување во станбена зграда А2.

2. Овој Заклучок да се достави до Секторот за урбанизам и комунални работи, инфраструктура, сообраќај и заштита на животна средина.

3. Овој Заклучок ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 09-6301/3
22 септември 2017 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
Советот на Општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување Заклучок за усвојување на
Иницијатива за изработка на ЛУПД за КО Усје
со површина од 6 хектари

1.Се објавува Заклучокот за усвојување на Иницијативата за изработка на ЛУПД за КО Усје со површина од 6 хектари, донесен на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 22 септември 2017 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-6735/2
5.10.2017 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

Врз оснвоа на член 104 од Статутот на Општина Кисела Вода (,,Службен гласник на Град Скопје,, бр.8/05 и ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, 13/06) и член 21 и 46 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (,,Службен весник на РМ,, бр.199/14; 14/15; 193/15; 31/16 и 163/16) Советот на Општина Кисела Вода на Педесет и шестата пленарна седница одржана на 22 септември 2017 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

за усвојување на Иницијатива за изработка на ЛУПД
за КО Усје со површина од 6 хектари

1.Се усвојува Иницијативата за изработка на ЛУПД за КО Усје со површина од 6 хектари на КП 554 и КП 555, КО Усје со намена: А1 Домување во станбени куќи, поднесена од БИГ БОКС ДООЕЛ Скопје.

2.Овој Заклучок да се достави до Секторот за урбанизам и комунални работи, инфраструктура, сообраќај и заштита на животна средина.

3.Овој Заклучок ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 09-6301/4
22 септември 2017 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина КиселаВода
Трајче Донев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување Одлука за измена и дополнување на Одлуката
за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу
Општина Кисела Вода и Град Скопје за изработка на проектна документација
за ул.Христо Татарчев крак 11 (КП 4932 и други) и
ул.Христо Татарчев крак 1 (КП 6849/1 и други)
бр.09-5847/12 од 31.08.2017 година

1.Се објавува Одлуката Одлука за измена и дополнување на Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Кисела Вода и Град Скопје за изработка на проектна документација за ул. Христо Татарчев крак 11 (КП 4932 и други) и ул. Христо Татарчев крак 1 (КП 6849/1 и други бр.09-5847/12 од 31.08.2017 година, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 22 септември 2017 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесуваето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 08-6735/3
5.10.2017 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

Врз основа на член 36, став 1 во врска со член 14 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 05/02) и член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка ("Службен весник на Република Македонија" број 79/09), Советот на Општина Кисела Вода на Педесет и шестата пленарна седница одржана 22 септември 2017 година, донесе

**О Д Л У К А**

за измени и дополнување на Одлуката за воспоставување
на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Кисела Вода
и град Скопје за изработка на проектна документација за
ул. Христо Татарчев крак 11(КП 4932 и други)
и ул. Христо Татарчев крак 1 (КП 6849/1 и други)
бр.09-5847/12 од 31.08.2017 година

**Член 1**

Во членот 1 од Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Кисела Вода и град Скопје за изработка на проектна документација за ул.Христо Татарчев крак 11(КП 4932 и други) и ул. Христо Татарчев крак 1 (КП 6849/1 и други) бр.09-5847/12 од 31.08.2017 година, зборовите „санација на ударни дупки во надлежност на општинита во градот Скопје" се заменуваат со зборовите „изработка на проектна документација за ул. Христо Татарчев крак 11(КП 4932 и други) и ул. Христо Татарчев крак 1 (КП 6849/1 и други)".

Останатиот дел од членот 1 од Одлуката останува непроменет.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Кисела Вода".

Број 09-6301/5
22 септември 2017 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет Општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување Одлука за не усогласување на земјиштето на КП 4601/1 КО Кисела Вода 1 со намената на бесправно изградените објекти

1.Се објавува Одлуката за не усогласување на земјиштето на КП 4601/1 КО Кисела Вода 1 со намената на бесправно изградените објекти, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 22 септември 2017 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-6735/4
5.10.2017 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02), член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Град Скопје" бр. 8/05 и "Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр. 13/2006), член 10 став (4) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Службен весник на Репубика Македонија бр. 23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15 и 31/16) **и член 2 став 1 алинеа 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичко планска документација (Службен весник на Репубика Македонија бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14 и 64/2015)**, Советот на Општина Кисела Вода на Педесет и шестата пленарна седница, одржана на 22.09.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**

за не усогласување на земјиштето на КП 4601/1 КО Кисела Вода 1 со намената на бесправно изградените објекти

**Член 1**

СЕ ДОНЕСУВА одлука дека не може во идната урбанистичко – планска документација земјиштето на КП 4601/1 КО Кисела Вода 1 да се пренамени од класа на намена јавни институции, образование и наука (В1) во класа на намената на бесправно изградените објекти кој се означени во Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за утврдување на фактичка положба на бесправно изграден објект КО Кисела Вода 1, број 1115/481 од 15.011.2013 година, изработен од Друштво за градежништво, геодетски и катастарски работи, трговија и услуги "ГЕОТЕРА" ДОО Скопје а во врска по поднесеното барања заведено под уп.бр.08-11162/1 од 02.09.2011 година, од страна на Друштво за трговија, производство и градежништво БОМАК Владо ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со седиште на ул.”Мариовска” бб.

**Член 2**

Градежното земјиште на КП 4601/1 КО Кисела Вода 1 со намена В1 – јавни институции, образование и наука кое е дефинирано со ДУП Пржино 1 – општина Кисела Вода донесен со одлука на Совет на општина Кисела Вода заведена под број 07 – 32/2 од 17.03.2003 година Службен Гласник на Град Скопје бр. 5/2003 година не се усогласува со намената на бесправно изградените објекти, објект бр. 1 – станбена куќа и објектите бр. 2, 3, 4, 6, 7, 8 и 9 - стоваришта (Г4-1) кој се означени во геодетскиот елаборат од член 1 од оваа Одлу ка.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Кисела Вода".

Број 09-6301/6
22 септември 2017 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА**
Уп. бр. 13-51 од 29.9.2017 год.
СКОПЈЕ

Градоначалникот на Општина Кисела Вода - Скопје врз основа на член 57 став 1 точка 22 и член 106 став 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје" бр. 8/2005 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр. 13/06), а во врска со со член 84 и член 86 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124 од 2015 год.) го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на јавна објава**

1. Согласно член 84 и член 86 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124 од 2015 год.), да се изврши јавна објава уп. бр. 13–51 од 29.9.2017 година, во службеното гласило на Општина Кисела Вода, поради неможност за уредна достава на известувања до сите непосредни сопственици на катастарски парцели кои граничат со КП 2203/1 КО Кисела Вода 1, Скопје, на ГП број 17.66 по ДУП населба Црниче 2, Одлука бр. 07-97/2 од 30.9.2003 год., Службен гласник на Град Скопје бр. 12/2003 год., како и сите заинтересирани странки, дека на ден 7.7.2017 год. е издадено Одобрение за адаптација со пренамена на дел од станбен објект на ул. „Наум Охридски" бр. 57 во Скопје, на КП 2203/1 КО Кисела Вода 1, Скопје, од втора категорија, на ГП број 17.66 по ДУП населба Црниче 2, Одлука бр. 07-97/2 од 30.9.2003 год., Службен гласник на Град Скопје бр. 12/2003 год. и заверен е Основен проект за пренамена од станбен во деловен простор во станбена куќа на ул. „Наум Охридски" бр. 57 во Скопје, КП 2203/1 КО Кисела Вода 1, со тех. број Е 004/16 од 11.2016 година, изработен од Друштво за архитектура СИНДИКАТ СТУДИО ДОО Скопје, со седиште на ул. „Кратовска" бр. 13 А во Скопје.

2. Ова решение да го изврши Сектор за урбанизам и просторно планирање, Одделение за Одделение за изводи, локациски, одобренија за градење и употребни дозволи.

3. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

По овластување на градоначалник
Радмила Шоповска, д.г.и.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА**
Уп. бр.13-51 од 29.9.2017 год.
СКОПЈЕ

**ЈАВНА ОБЈАВА**

Општина Кисела Вода Скопје, Сектор за урбанизам и просторно планирање, Одделение за изводи, локациски, одобренија за градење и употребни дозволи, поради неможност за уредна достава на известувања до непосредни соседи за издавање на Одобрение за адаптација со пренамена, ги известува сите непосредни сопственици на катастарски парцели кои граничат со КП 2203/1 КО Кисела Вода 1, Скопје, на ГП број 17.66 по ДУП населба Црниче 2, Одлука бр. 07-97/2 од 30.9.2003 год., Службен гласник на Град Скопје бр. 12/2003 год., како и сите заинтересирани странки, дека на ден 7.7.2017 год. е издадено Одобрение за адаптација со пренамена на дел од станбен објект на ул. „Наум Охридски“ бр. 57 во Скопје, на КП 2203/1 КО Кисела Вода 1, Скопје, од втора категорија, на ГП број 17.66 по ДУП населба Црниче 2, Одлука бр. 07-97/2 од 30.9.2003 год., Службен гласник на Град Скопје бр. 12/2003 год. и заверен е Основен проект за пренамена од станбен во деловен простор во станбена куќа на ул. „Наум Охридски“ бр. 57 во Скопје, КП 2203/1 КО Кисела Вода 1, со тех. број Е 004/16 од 11.2016 година, изработен од Друштво за архитектура СИНДИКАТ СТУДИО ДОО Скопје, со седиште на ул. „Кратовска“ бр. 13 А во Скопје.

Согласно чл. 62-а точка 1 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, бр. 124/10, бр.18/11, бр. 36/11, бр. 54/11, бр. 13/12, бр.144/12, бр. 25/13, бр. 79/13, бр. 137/13, бр. 163/13, бр. 27/14, бр. 28/14, бр. 42/14 бр. 115/14, бр. 149/14, бр. 187/14, бр. 44/15, бр. 129/15, бр. 217/15, бр. 226/15, бр. 30/16, бр. 31/16, бр. 39/16, бр. 71/16 и бр. 132/16 год.), заинтересираните странки можат да извршат увид во документацијата од управната постапка во барака 3, соба број 1, во Секторот за урбанизам и просторно планирање во Општина Кисела Вода - Скопје и тоа во вторник и петок од 13 -15 часот, во рок од 15 дена.

Доколку не се јават или не назначат полномошник ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните негативни последици кои можат да настанат ги сносат самите странки.

По овластување на градоначалник
Радмила Шоповска, д.г.и.

СОДРЖИНА:

1.Заклучок за усвојување на Иницијатива за изработка на Детален урбанистички план Ј08, Блок 11 Општина Кисела Вода;
2.Заклучок за усвојување на Иницијатива за изработка на ЛУПД за КО Усје со површина од 6 хектари;
3.Одлука за измена и дополнување на Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Кисела Вода и Град Скопје за изработка на проектна документација за ул.Христо Татарчев крак 11 (КП 4932 и други) и ул.Христо Татарчев крак 1 (КП 6849/1 и други) бр.09-5847/12 од 31.08.2017 година;
4.Одлука за не усогласување на земјиштето на КП 4601/1 КО Кисела Вода 1 со намената на бесправно изградените објекти;
5. Јавна објава Уп. бр. 13-51 од 29.9.2017 година (Друштво за архитектура СИНДИКАТ СТУДИО ДОО Скопје);